

 ***Саво Костадиновски***

***-На поетесата Снежана Стојчевска директор на библиотеката „Браќа Миладиновци“, Скопје***

***ВО ТАТКОВИНАТА НА КНИГИТЕ***

Има ли друг роден крај книгата

освен во благородната поетска душа

во која таа со безвременски живот се раѓа

со истрај на постоењето

на нејзиното идно време

да векува во народот, во библиотеката

во татковината на сите книги на светот

Чест и почит е тоа

штом литературата е безусловен сведок

на животот на секој творец

и така е

бидејќи сме венчани со пишаниот збор

уште од свети климентовото време па наваму

затоа треба сите ние да бидеме горди

штом нашата татковина е

татковината на словенската писменост.